РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр.03-2381/1

Скопје23.04.2019г.

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Дваесет и први дневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за 23-ти април 2019 година.

Во овој извештај ве информираме дека Агенцијата денес започна со мониторингот на изборното медиумско известување во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори и за изборите за градоначалник во општините Охрид и Ново Село. Мониторингот ќе се врши врз истите медиуми како и во првиот круг од кампањата, а извештајот за начинот на известување во вториот круг ќе го опфати периодот од 22 април до 3 мај 2019 година.

Инаку, по сумирањето на резултатите за начинот на известување на радиодифузерите за време на изборниот молк, Агенцијата не констатираше сериозни прекршувања на член 76-б од Изборниот законик, оттаму нема да покрене прекршочни постапки по овој основ.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

..................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје